# ДОГОВОР ЗА ДЕЛО

Бр. ___________________________ *(број на договорот)*

Склучен на ден __.__.______ година во ____________________________ *(место на склучување)*, помеѓу:

1. ___________________________ *(назив на фирмата)*, со седиште на ___________________________ *(седиште на нарачателот)*, ЕМБС ___________________________ *(матичен број)* и ЕДБ ___________________________ *(даночен број)*, застапувано од ___________________________ *(име и функција)*, во натамошниот текст како Нарачател

и

2. ___________________________ *(име и презиме)*, со живеалиште на ___________________________ *(адреса на изведувачот)*, ЕМБГ ___________________________ *(матичен број на граѓанинот)*, во натамошниот текст како Изведувач.

**Член 1**

Предмет на овој договор е уредување на односите помеѓу договорните страни во поглед на извршувањето на определено дело, односно давање на наменски услуги опишани во членот 3 од овој договор.

**Член 2**

Договорните страни взаемно потврдуваат дека:

- Изведувачот е лице кое располага со потребните знаења и вештини во областа: ___________________________ *(област на знаења и вештини на изведувачот)*;
- со овој договор не се заснова работен однос помеѓу договорните страни, а Изведувачот делото го извршува самостојно и не подлежи на работното време и работниот ред што важат за вработените кај Нарачателот.

**Член 3**

Изведувачот согласно овој договор, а пред сѐ согласно упатствата добиени од Нарачателот, ќе ги изврши следните работи: _____________________________________________________ *(работи што треба да се извршат)*

Делото се извршува во периодот од __.__.______ година до __.__.______ година.

**Член 4**

Делото се извршува на начин, место и време утврдени со овој договор и со упатствата на Нарачателот, кога тоа одговара на природата на делото. Договорните страни се согласни дека обврските дефинирани како предмет на овој договор ќе ги извршуваат совесно, одговорно,

квалитетно и согласно позитивните законски прописи, со обезбедување на сите услови кои се неопходни за извршување на работите.

**Член 5**

За делото од членот 3 на овој договор Нарачателот ќе му исплати на Изведувачот надоместок во бруто износ од _____________ *(бруто, ден.)* денари, на неговата трансакциска сметка бр. ___________________________ *(број на сметка)* во ___________________________ *(назив на банката)*, по извршувањето, односно приемот на делото.

Данокот на личен доход по стапка од 10% го пресметува, задржува и уплатува Нарачателот како исплатувач на приходот, при што приходот го пријавува во Управата за јавни приходи преку електронската пресметка (е-ПДД). На надоместокот по договор за дело не се плаќаат придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Член 6**

Изведувачот е должен да ги чува како тајна и нема да ги направи достапни на трети лица работите што ги извршува и информациите до кои има допир при извршувањето на обврските од овој договор, со кои се запознал од страна на Нарачателот, како за време на траењето на договорот, така и по неговиот престанок.

**Член 7**

Нарачателот е должен упатствата да ги дава благовремено, јасно и недвосмислено и на Изведувачот да му ги обезбеди податоците и материјалите потребни за извршување на делото.

**Член 8**

Договорните страни се согласни дека овој договор може да се раскине спогодбено, со склучување спогодба за раскинување. Секоја договорна страна може да го раскине договорот и со писмено известување до другата страна, ако другата страна не ги исполнува обврските преземени со овој договор.

**Член 9**

За сè што не е регулирано со овој договор важат одредбите од Законот за облигационите односи. Во случај на спор договорните страни ќе се обидат истиот да го решат спогодбено, а доколку тоа не е можно, надлежен е стварно и месно надлежниот суд според седиштето на Нарачателот.

**Член 10**

Договорот е составен во два (2) еднообразни примероци, по еден за секоја договорна страна, и стапува во сила со денот на потпишувањето.

Нарачател:

______________________________ *(назив на фирмата)*

____________________________________

______________________________ *(име и функција)*

М.П.

Изведувач:

____________________________________

______________________________ *(име и презиме)*